# ИЗДАВАЊЕ ДУПЛИКАТ УВЕРЕНИЕ ЗА ДИРЕКТОР НА УЧИЛИШТЕ

Дупликат уверение за положен испит за директор на училиште се издава кога оригиналното уверение за директор на училиште е изгубено.

За да се добие дупликат уверение за положен испит за директор на училиште, лицето кое се стекнало со уверението треба да ги преземе следните дејствија.

1. Да го огласи изгубеното Уверение за наважечко во Службен весник на Република Северна Македонија и
2. Да поднесе барање за издавање дупликат уверение до архивата на Државниот испитен центар, а кон истото да приложи:
   - доказ дека изгубеното уверение е огласено во Службен весник на РСМ и
   - уплатница на износ од 750,00 денари на име „издавање дупликат уверение за директор на училиште", при што во уплатницата треба да се внесат следниве податоци:

**Назив на примачот:** Трезорска сметка

**Банка на примачот:** НБРМ

**Сметка на примачот:** 100000000063095

**Износ:** 750,00 денари

**Сметка на буџетскиот корисник:** 1600261506 787 16

**Приходна шифра и програма:** 723013 30

Дупликат уверението за директор на училиште се издава во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

***ЗАБЕЛЕШКА:*** За изгубените уверенија за положен испит за директор на училиште кои не се издадени од страна на Државниот испитен центар (кои се стекнати пред 2010 година) се издава потврда, а постапката за нејзиното издавање е идентична со погоре опишаната постапка за издавање дупликат на уверение.

**ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР**